ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 11-50/9

Дата: 28.02.2014

ДО
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година на сметката на буџет на заеми (786) - Дополнително финансирање на Проект за катастар на недвижности и регистрација на Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошниот текст Проектот на Агенцијата).

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на оваа сметка, за годините кои и претходат на годината предмет на ревизија.

Изразивме позитивно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и позитивно мислење во однос на усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2012 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

*Ревизорски тим:*

______________________________

______________________________

______________________________

*Овластен државен ревизор*

______________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страните од 6 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на сметка на буџет на заеми (786) Дополнително финансирање на Проект за катастар на недвижности и регистрација на Агенцијата за катастар на недвижности, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2012 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, промени во изворите на капиталните средства, преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена е ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Проектот на Агенцијата сметката на буџет на заеми (786) за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Љупчо Георгиевски – директор до 25.04.2012 година и
- Славче Трпески – директор од 12.05.2012 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и расходите на сметка на буџет на заеми – 786 Дополнително финансирање на Проект за катастар на недвижности и регистрација на Агенцијата за катастар на недвижности се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни

прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена 02.12.2013 до 20.12.2013 година, кај Агенцијата за катастар на недвижности од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 19.12.2013 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметка на буџет на заеми (786) Дополнително финансирање на Проект за катастар на недвижности и регистрација на Агенцијата за катастар на недвижности на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања на континуитет

5.1. Согласно меѓународниот ревизорски стандард 560, во текот на ревизијата извршени се корекции на позициите Краткорочни обврски и Активни временски разграничувања кои во финансиските извештаи за 2012 година. По извршените корекции, како ефекти од ревизијата извршено е зголемување на Активата и Пасивата во Билансот на состојба за 2012 година за 6.040 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење број 8/001 од 16.12.2013.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 32.792 | 831 |
| Задолжување во странство | 3.2. | 50.615 | 55.719 |
| **Вкупно приходи** | | **83.407** | **56.550** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.3.1. | 56.730 | 23.881 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **56.730** | **23.881** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 7.912 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **7.912** | **0** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **64.642** | **23.881** |
| | | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **18.765** | **32.669** |
| | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **18.765** | **32.669** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 18.765 | 32.669 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 6.040 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **24.805** | **32.669** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 1.759 | 1.671 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 119.048 | 120.467 |
| **Вкупно постојани средства** | | **120.807** | **122.138** |
| **Вкупна актива** | | **145.612** | **154.807** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 6.040 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 18.765 | 32.669 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **24.805** | **32.669** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 120.807 | 122.138 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **120.807** | **122.138** |
| **Вкупна пасива** | | **145.612** | **154.807** |



____________________________
____________________________ ______________________
____________________________

**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2012 година** | **122.138** | **122.138** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **13.227** | **13.227** |
| Набавки | 7.414 | **7.414** |
| Ревалоризација на капитални средства | 5.813 | **5.813** |
| Останати зголемувања | 6.576 | **6.576** |
| **Намалување по основ на:** | **14.558** | **14.558** |
| Амортизација | 13.186 | **13.186** |
| Останати намалувања | 1.372 | **1.372** |
| Ревалоризација | 3.566 | **3.566** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **120.807** | **120.807** |